Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 26, 3 септември 2009 година

септември 2009 година
Штип

## СОДРЖИНА

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област текстилно инженерство на Технолошко-технички факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент во научното подрачје економски науки на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 9

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање за наставно-научната област информациони системи на Факултет за информатика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 12

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент за научната област меѓународна економија на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 19

**РЕФЕРАТ** за избор/реизбор на наставник по предметот Методика на воспитно-образовната работа по природа и општество на Група за одделенска настава на Педагошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 27

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник за наставно-научната област трговско право на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 35

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за група предмети од областа дидактика, методика и педагогија на Педагошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 39

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник (во сите звања) за наставно-научната област општествени науки, подрачје социологија, по предметите Социологија на образованието, Основи на општествено уредување, Религиски системи (изборен), Мултикултурно образование (изборен) на Педагошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 50

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент во научното подрачје туризам на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 57

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник на Факултет за информатика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 60

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник на Факултет за информатика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 64

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник за областа финансии и банкарство на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 67

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за група предмети од областа сметководство на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 74

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област зрнесто-клубести култури на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 85

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Борис Крстев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров

# Р Е Ф Е Р А Т
# ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА ГРУПА ПРЕДМЕТИ ОД ОБЛАСТА ДИДАКТИКА, МЕТОДИКА И ПЕДАГОГИЈА НА ПЕДАГОШКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Со Одлука бр. 2102-58/7, донесена на 8. редовна седница, одржана на 10.7.2009 година, на Наставно-научниот совет на Педагошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, формирана е Рецензентската комисија за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научното поле *општествени науки,* подрачје *образование*, област ***дидактика, методика и педагогија***, по предметите: ***Дидактика***, ***Дидактика 1, Дидактика 2***, ***Методика на работа со надарени деца*** (изборен), ***Образовна технологија*** (изборен) и ***Педагошка комуникација*** (изборен).

На Конкурсот објавен во дневниот весник „Дневник“, на 4.7.2009 година, пријавена е кандидатката **д-р Снежана Мирасчиева**, доцент на Педагошкиот факултет во Штип.

По разгледувањето на целокупната документација, релевантна на условите предвидени според Конкурсот, Рецензентската комисија во состав: проф. д-р Вера Стојановска, проф. д-р Марија Костова и проф. д-р Јасмина Делчева-Диздаревиќ, има чест на Наставно-научниот совет на Педагошкиот факултет да му го поднесе следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

***Биографски податоци***

Кандидатката **д-р Снежана Мирасчиева** е родена на 25 октомври 1965 година во Штип. Основно и средно образование (гимназија) завршува во Штип. Натамошното образование го продолжува на Педагошката академија „Гоце Делчев“ во Штип, како редовен студент на Групата за одделенска настава. Студиите ги завршува во 1986 година. Во учебната 1986/87 година се запишува на Филозофскиот факултет на Институтот за педагогија при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, каде што дипломира со труд од областа на дидактиката, на тема *„Ученикот како субјект во наставата“*, во 1990 година. Во 1992 година се запишува на постдипломски студии на Институтот за педагогија, Дидактичко-методска насока, кои успешно ги завршува на 29 април 1996 година, со одбрана на магистерскиот труд со наслов *„Примена на проблемската настава во основното училиште“* и се стекнува со звање **магистер на педагошки науки.**

Докторира во 2004 година на Филозофскиот факултет во Скопје, на тема „*Комуникацијата меѓу наставникот и ученикот во основното училиште*“ и се стекнува со научен степен доктор по педагошки науки.

Д-р Снежана Мирасчиева работниот стаж го започнува во 1987 година, како наставник во Основното училиште „Димитар Влахов“ во Штип. Стекнатите стручни знаења и искуства ги докажува и како воспитувач на деца, при изведување на настава во природа и како педагошки раководител во детски летувалишта во Струга и Крушево.

Во 1996 година е избрана за ***асистент*** по предметот *Дидактика* на Педагошкиот факултет „Гоце Делчев“ во Штип, а во 1999 година е преизбрана за **асистент по истиот предмет***,* кога ѝ е доверена и настава по предметот *Историја на педагошки идеи*.

Со голема посветеност работи на својата академска кариера, така што во 2004 година напредува во наставно-научно звање ***доцент*** по предметот *Дидактика* на Одделот за одделенска настава и на Одделот за предучилишно воспитување на Педагошкиот факултет во Штип.

По барање од Наставно-научниот совет на Педагошки факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје, кандидатката д-р Снежана Мирасчиева била ангажирана за изведување настава по предметот *Дидактика*, во учебната 2006/2007 година.

Од 2008 година д-р Снежана Мирасчиева, како доцент, е ангажирана на Педагошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, за реализирање на предметните програми по: *Дидактика, Дидактика 1*, *Дидактика 2*, *Педагошка комуникација*, *Образовна технологија* и *Методика на работа со надарени деца* на двата оддела. Исто така, од 2008

година Наставно-научниот совет на Педагошкиот факултет во Штип, на доцент д-р Снежана Мирасчиева ѝ доверува настава и реализирање на испити по предметот *Педагогија,* за студенти од други факултети за здобивање со наставнички компетенции.

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

Во периодот од 1996 до 2004 година, како асистент, Снежана Мирасчиева мошне успешно ги изведува вежбите, како и колоквиумите, по предметот *Дидактика* на Одделот за одделенска настава и на Одделот за предучилишно воспитување на Педагошкиот факултет во Штип. Како доцент, од 2004 година, со голема умешност, одговорно и квалитетно ја изведува наставата и другите наставни активности по предметите за кои е избрана. Редовно и мошне совесно одржува консултации со студентите во врска со проучувањето на литературата, подготовката на испитите, семинарските и дипломските работи, со воспоставување на квалитетна комуникација со студентите.

Во изминатиот дванаесетгодишен период, д-р Снежана Мирасчиева со исклучително ангажирање и следење на современите светските развојни педагошки тенденции, перманентно внесува нови наставни стратегии во сопствената наставна дејност.

Научноистражувачката дејност на кандидатката претставува една континуирана определба, која започнува од нејзиното вработување и бележи впечатлив прогрес во квантитативна и во квалитативна смисла, особено во периодот од последниот избор во доцент, па до денес. Имено, во посочениот период, развивајќи плодна научноистражувачка работа, ги објавува следниве стручни и научни трудови:

1. **Мирасчиева, С. (2004)** *The teacher in the 21st century,* Зборник „Обучение и възпитание в началните училища, детските градини и специалните училищни заведения“, София, Бугарија. Трудот го третира прашањето за ликот и функциите на современиот наставник, наставник кој се бара во 21 век.
2. **Мирасчиева, С.,** Ѓорѓева, П. Е. **(2004)** *Modern School from Studen t's Angle,* 2nd International Balkan Education Congress „Searching excellence in education“, 8-10 October, Edirne, Turkey. Трудот претставува квалитетно видување на опсервацијата на учениците на местото и улогата на современото училиште.
3. **Мирасчиева, С. (2004)** *Cooperate relation between teacher and pupils in teaching-way to school without bad pupils,* International science conference School without un-sucsesful pupils, 28-30 October, Pula, Hrvatska**.** Во овој труд авторката низ оригинални резултати укажува на потребата од соработка меѓу наставникот и ученикот во наставата, како начин за успешна настава**.**
4. **Mirascieva, S. (2004)** *Communication as a strategy in the social integration of children with special needs,* Юбилейна научна конференция с международно участие „Култура и образование-перспективи”, Сборник-II част, Пловдив, Бугарија. Тука авторката говори за комуникацијата како една од стратегиите за социјална интеграција на децата со посебни потреби.
5. **Mirascieva, S. (2004)** *The problem of democratic communication and formation of the system of values with children in kindergarden,* Юбилейна научна конференция с международно участие „Култура и образование-перспективи“, Сборник-III част, Пловдив, Бугарија**.** Овде авторката укажува на поврзаноста на демократската комуникација и формирањето на системот на вредности кај децата од предучилишна возраст**.**
6. **Мирасчиева, С. (2004)** *Еден пристап кон теоријата на Роџерс од аспект на комуникацијата во наставата*, Педагошка практика, Скопје, год.2, бр.1. Во овој труд авторката го третира прашањето за теоретска заснованост на комуникацијата во наставата со посебен осврт на теоријата на Роџерс.
7. **Мирасчиева, С. (2004)** *Социолошко-културните теории - еден од основните теориски постулати на наставната комуникација,* Годишен зборник, Штип, год.3, бр. 3-4. Трудот е значаен обид да се определат основните теориски постулати на наставната комуникација низ призмата на социолошко-културните теории.

8. **Мирасчиева, С. (2005**) *Humanistički stil komunikacije nastavnika sa učenikom- jedan od mogućih puteva unapređivanja vaspitno-obrazovnog procesa*, Zbornik Tehnologija – Informatika – Obrazovanje 3, Beograd, Srbija. Хуманистичкиот стил на комуникација, како еден од начините на унапредување на воспитно-образовниот процес е основната преокупација на авторката во овој труд.
9. **Мирасчиева, С. (2005)** *Culture and communication in a function of the human development,* Годишник том III, Благоевград: ЈЗУ „Неофит Рилски". Општествениот развој е сложен процес чиј развој е условен од повеќе фактори. Овде авторката говори за два општествени феномена, како што се културата и комуникацијата во функција на тој развој.
10. **Мирасчиева, С. (2005)** *Функции на современиот наставник*, Зборник 2002-2005, Штип, ГАУ. Современата настава бара современ наставник. Кои се функциите на современиот наставник е основната преокупација на авторката во овој труд.
11. **Мирасчиева, С. (2005)** *Intercultural communication in teaching,* The third international balkan scientific congress „Interculturality in educational process", 22-24 September, Stip, Macedonia. Трудот третира значаен проблем од неколку аспекти. Имено, авторката вниманието го насочува кон интеркултурната комуникација во наставата.
12. **Мирасчиева, С. (2005)** *Комуникацијата меѓу наставникот и ученикот во основното училиште,* Штип, Педагошки факултет. Книгата е плод на повеќегодишна исцрпна работа на авторката во која се презентирани оригинални теориско-емпириски сознанија за комуникацијата меѓу наставникот и ученикот во наставата, теоретска заснованост, видови и функции на комуникацијата во наставата. Трудот всушност е насочен кон еден нов парадигматски пристап кон наставниот процес определен како комуникациски.
13. **Мирасчиева, С. (2005)** *Развитие на комуникационната компетенция- съвременна тенденция в едукацията на бъдещите учители и възпитатели*, Сборник „Личностно развитие на учениците в съвременното образование и общество", Благоевград - Санкт Петербург - Елецк. Едукацијата на идните наставници и воспитувачи меѓу другото е насочена кон развој на комуникациската компетенција како основен предуслов за ефикасна и ефективна подготовка. Токму тој проблем е предмет на интерес на авторката во овој труд.
14. **Мирасчиева, С. (2006)** *Комуникацијска компетентност наставника основних школа у Републици Македонији,* Зборник радова са међународне научне конференције „Развијање комуникационих компетенција наставника и ученика", Јагодина, Србија. Во трудот се презентирани оригинални емпириски резултати за степенот на развиеност на комуникациската компетентност на наставниците од основните училишта во Република Македонија.
15. **Mirascieva, S.,** Stojanova, I. **(2006)** *Techological modelling of teaching biology the primary schools in The Republic of Macedonia*, Annual of Konstantin Preslavsky University,Vol. XVI B3, Shumen. Трудот го третира прашањето за технолошкото моделирање на наставата по биологија во основните училишта во Република Македонија, со посебен акцент на проблемското учење.
16. **Mirascieva, S. (2006)** *The culture of communication as an strategy-an imperative of a modern education,* Годишник, том IV, „Национални култури и европейска идентичност", Благоевград, ЈЗУ„Неофит Рилски". Современото образование како императив и стратегија за понатамошен развој го актуализира прашањето за културата на комуникацијата, што е основна преокупација на авторката во овој труд.
17. **Mirascieva, S**., Gjorgjeva E., Petrovski,V. **(2006)** *A positive relation between the teacher and the pupil in teaching-a condition for more successful teaching*, Proceeding of the Fourth Autumn Scientific Conference "Teachers and social workers training in view of european integration", Kiten. Еден од основните услови за успешна настава е позитивната релација меѓу наставникот и ученикот во наставата. Трудот презентира оригинални теориско-емпириски сознанија за овој проблем.

18. **Mirascieva, S. (2006)** *About some micro didactic dimensions of teaching and learning as a part of the new pedagogical technology*, Сборник „Педагогическото образование в Българиа – състояание и тенденции“, Благоевград, УИ „Неофит Рилски“. Трудот третира некои клучни прашања кои се однесуваат на некои микродидактички димензии на поучувањето и учењето, како дел од новата педагошка технологија.
19. Petrovski, V., **Mirascieva, S.(2006)** *Family as a factor of education in The Republic of Macedonia-an ethnic dimension*, Сборник „Педагогическото образование в Българиа – състояание и тенденции“, Благоевград, УИ „Неофит Рилски“. Еден од факторите за образование во Република Македонија е семејството, особено неговата етничка димениjа што е предмет на интерес во овој труд.
20. **Mirascieva, S. (2006)** *Importance of E-learning and its role in society*, The third international conference on informatics, educational technology and new media in education, Sombor. Општеството во 21 век и неговиот прогрес е условен од е-учење. За важноста и улогата на е-учење авторката посебно укажува во овој труд.
21. **Мирасчиева, С. (2005/06)** *Професионалните димензии на наставната комуникација,* Воспитание, бр.6-7, Штип. Трудот го третира прашањето за професионалните димензии на комуникацијата во наставата.
22. **Мирасчиева, С. (2005/06)** *Наставникот-менаџер во училница*, Годишен зборник на Педагошки факултет, Штип, год. 4, книга 5-6. Животот и работата во училницата е продукт на заедничката работа на наставникот и учениците. Како наставникот ќе менаџира со работата во училницата и која е неговата улога како менаџер во училницата го окупира вниманието на авторката во овој труд.
23. Gjorgjeva, P.E., **Mirascieva, S**., Petrovski, V. **(2006)** *Solving the problem of waste*, II International symposium of ecologists of the Republic of Montenegro, Proceedings of the symposium, Kotor. Трудот ги опфаќа проблемите на еколошкото воспитание и денешницата.
24. **Mirascieva, S.,** Gjorgjeva, E., Petrovski,V**. (2007)** *IKT u nastavnoj komunikaciji i cilju stvaranja drustva znanja i ucenja*, Zbornik “Tehnologija, informatika i obrazovanje za drustvo ucenja i znanja 4”, Novi Sad-Beograd, IPI-CRPNTI-PMF Трудот анализира како се создава општество на знаење и учење со помош на користењето на ИКТ во комуникацијата во наставата.
25. **Mirascieva, S. (2007)** *WEB QUEST i ucenje preko resavanja problema ili o jednom spoju savremenog i tradicionalnog,* Zbornik “Tehnologija, informatika i obrazovanje za drustvo ucenja i znanja 4”, Novi Sad-Beograd, IPI-CRPNTI-PMF. Трудот претставува успешен обид на авторката за симбиоза на традиционалното и современото во наставата поконкретно за стратегиите Web Quest како современа и проблемското учење како традиционална стратегија.
26. **Мирасчиева, С**., Китанов, Б. **(2007)** *Комуникацията в детската градина*, Сборник „Съвремени тенденции в предучилищното възпитание“, Сандански: Община Сандански. Трудот го третира прашањето за комуникацијата во детската градинка како воспитно-образовна институција.
27. **Мирасчиева, С. (2007)** *Ефективните комуникациски дейности-основа за успешна възпитателна работа в детската градина*, Сборник „Съвремени тенденции в предучилишното възпитание“, Сандански: Община Сандански. Во трудот се говори за успешната воспитно-образовна работа во детските градинки и нејзината определеност од степенот на ефикасност на комуникациските активности.
28. **Mirascieva, S. (2007)** *Communication, media and culture*, Годишник том V „Европа като културно пространство“, Благоевград, ЈЗУ„Неофит Рилски“. Во овој труд авторката говори за комуникацијата, медиумите и културата како општествени феномени и нивната функционална поврзаност.
29. **Mirascieva, S**., Gjorgjeva, E., Petrovski, V**. (2007)** *The new communicational media-new possibilities in the development of culture*, Годишник, том V, „Европа като културно пространство“, Благоевград, ЈЗУ„Неофит Рилски“. Трудот говори за новите комуникациски медиуми како нови можности за културен развој.

30. Petrovski, V., **Mirascieva, S**., Gjorgjeva, E. **(2007)** Bloom's taxonomy (classifi cation of cognitive areas – analyzing, creating, evaluation), Годишник, том V, „Европа като културно пространство", Благоевград, ЈЗУ „Неофит Рилски". Трудот анализира посебен аспект на Блумовата таксономија, кој се однесува на когнитивното подрачје - анализа, креативност, евалвација.
31. Petrovski, V., **Mirascieva, S**., Gjorgjeva, E. **(2007***) Education and its role in the changes in modern society*, Годишник, том V, „Европа като културно пространство", Благоевград ЈЗУ„Неофит Рилски". Трудот зборува за улогата на образованието во однос на неговото влијание врз промените во современото општество.
32. **Mirascieva, S. (2007)** *Teacher's key competences in the function of teaching quality*, Fourth Balkan congress "Education, the Balkans, Europe", Stara Zagora. Во трудот станува збор за некои клучни компетенции на наставникот, кои се во функција на квалитетната настава.
33. **Mirascieva, S.,** Gjorgjeva, E., Petrovski, V**. (2007)** *ICT in teaching and learning and the new role of teachres in ict environment,* Fourth balkan congress "Education, the balkans, Europe", Stara Zagora. Трудот е фокусиран на ИКТ во поучувањето и учењето и новата улога на наставникот во ИКТ средина.
34. Gjorgjeva, E., **Mirascieva, S.,** Petrovski, V. **(2007)** *Училищната структура като организациона система,* Fourth balkan congress "Education, the balkans, Europe", Stara Zagora. Трудот се занимава со анализа на училишната структура како организационен систем, кој е основа за успешно функционирање на училишниот систем.
35. Petrovski, V., **Mirascieva, S**., Gjorgjeva,E. **(2007)** *Образованието и неговата роля в променащтото си модерно общество*, Fourth balkan congress "Education, the balkans, Europe", Stara Zagora. Трудот прави подлабока анализа на заемното влијание врз заемните промени во општеството и образовниот систем и процес.
36. **Mirascieva, S. (2007)** *About some aspects of differentiation in teaching*, Пета есенна научна конференција „Приемственост и перспективи в развитието на педагогическата теория и практика, Китен www.fnpp.uni-sofia.bg/FNPP/BG/ Konf /V_Programa.htm. Авторката во трудот говори за некои аспекти на диференцијацијата во наставата.
37. **Mirascieva, S**., Gjorgjeva, E., Petrovski, V**. (2007)** *With partnership between teachers and parents to a more effective teaching,* Пета есенна научна конференција „Приемственост и перспективи в развитието на педагогическата теория и практика, Китен www.fnpp.uni-sofia.bg/FNPP/BG/Konf/V_Programa.htm Трудот зборува за партнерството помеѓу наставниците и родителите, како многу важен предуслов за ефективно поучување и учење.
38. **Mirascieva, S. (2007)** *About some didactic aspects of preschool education in The Republic of Macedonia,* Международной научно-практической конференции „Традиции и инновации в дошкољном образовании (7-9 ноября)", Москва, Федерањное агентство по образованию. Вниманието на авторката во овој труд е насочено кон некои дидактички аспекти на предучилишното воспитание во Република Македонија.
39. Petrovski, V., **Mirascieva, S.,** Gjorgjeva, E. **(2007)** *Education and socioeconomic status of the family in the Republic of Macedonia,* The 10th international conference „Educational research and school practice", Beograd, www.ipisr.org.rs/Naucni Skupovi.aspx. Трудот говори за поврзаноста меѓу образованието и социоекономскиот статус на семејствата во РМ.
40. **Mirascieva, S.,** Petrovski,V**.,** Gjorgjeva, E. **(2007)** *Poverty in the family and the school performance of children***,** The 10th international conference „Educational research and school practice", Beograd, www.ipisr.org.rs/Naucni Skupovi.aspx. Трудот ја анализира условеноста на постигнувањата на учениците во училиштето од социјалниот статус на семејството.
41. **Мирасчиева, С.,** Богданова, Н. **(2007)** *Правата на детето во одделенска настава со метод на игра (реализација на проектот),* Образовни рефлексии, Скопје: Биро за развој на образованието, бр.1. Во трудот на автентичен и практичен начин е презентирано едно емпириско искуство во реализацијата на проектот „Правата на детето" со учениците од одделенска настава со примена на методот на игра.

42. **Мирасчиева, С. (2007)** *Комуникацијата меѓу наставникот и ученикот во основното училиште, II издание*, Штип, Педагошки факултет.
43. **Мирасчиева, С. (2008)** *Методот на игра во наставата со деца од раноучилишна возраст - тенденција или потреба*, Зборник 2005-2008, Штип**, ГАУ.** Иновирањето на наставната практика во нашите училишта и организациско-структурните и содржински иновации го актуализираат прашањето за нови наставни методи. Во таа смисла, авторката во трудот говори за потребата и значењето на методот на игра со деца од раноучилишна возраст.
44. **Мирасчиева, С. (2008)** *Комуникацијата во училницата*, Воспитание**,** Универзитет „Гоце Делчев", Штип, Педагошки факултет, год.5, бр.8-9. Трудот го третира прашањето за комуникацијата во училницата.
45. ***Мирасчиева, С. (2008)*** *Комуникациската парадигма во наставата*, Годишен зборник, Универзитет „ГоцеДелчев", Штип, Педагошки факултет, книга 7, год.5 Наставата како сложен општествен феномен ги следи промените во пошироката општествена заедница. Во таа насока се развива новата парадигма на наставата комуникациската која го окупира вниманието на авторката во овј труд.
46. **Mirascieva, S.,** Petrovski, V. **(2008)** *For An attempt of integration of e-learning in the course of didactics*, Zbornik radova-selected topics „Society of knowledge", Sombor-Maribor. Предмет на интерес во трудот е интеграцијата на е-учење во наставата по дидактика.
47. **Мирасчиева, С. (2008)** *С работа в екип на възпитателите до по-успешна и по-ефективна възпитателно-образователна работа в детската градина*, Сборник „Съвремени тенденции в предучилищното възпитание", Сандански: Община Сандански. Во трудот авторката укажува на значењето и ефикаснота од тимската работа на воспитувачите во детските градинки, со цел поуспешна и поефикасна воспитно-образовна работа.
48. **Mirascieva, S. (2008)** *Media in europian intercultural dialogue*, Scientific Conference "Intercultural dialogue and integration", Blagoevgrad, 12-13 May. Трудот го потенцира значењето на медиумите за интеркултурен дијалог на европско тло.
49. Petrovski, V., **Mirascieva, S.,** Jakimova, D**. (2008)** *The multiethnic and the reflections of the education in the Republic of Macedonia*, Scientific Conference "Intercultural dialogue and integration", Blagoevgrad 12-13 may. Во трудот станува збор за мултиетничноста и рефлексиите врз образованието во Република Македонија.
50. **Мирасчиева, С. (2008)** *Конструктивистичната теория–дидактическа парадигма и дидактическа основа*, Сборник „Личностно развитие на учениците в съвременното образование и общество", (том 2), Благоевград-Санкт Петербург. Трудот е насочен кон конструктивистичката теорија од аспект на дидактичката наука како нејзина прадигма и основа.
51. **Мирасчиева, С. (2008)** *Со активно поучување до активно учење-од традиција до современост*, Меѓународна научно-практична конференција „Основното и предучилишно воспитание и образование - предизвик на 21 век", Штип, 23 мај (во печат). Во трудот се презентирани значајни согледувања за значењето на активното поучување и учење во современата настава.
52. **Mirascieva, S. (2009)** *E-learning and the development of the professional skills*, 5th International Conference on Informatics, educational technology and new media in education, Sombor, 28-29 March. Професионалниот развој на личноста е определен со е-учење на што укажува авторката во текстот.
53. Petrovski, V., **Mirascieva, S.,** Jakimova, D. **(2009)** *Socialization and* e-*learning*, 5th International Conference on Informatics, educational technology and new media in education, Sombor, 28-29 March. Во трудот се говори за значењето на е-учење и неговата функција во социјализацијата на личноста.
54. **Mirascieva, S. (2009)** *The teacher and ICT in the modern teaching*, V Medjunarodni simpozijum tehnologija, informatika i obrazovanje za drustvo ucenja i znanja, Novi Sad. Авторката во текстот говори за ИКТ и наставникот во современата настава.

55. **Mirascieva, S.,** Petrovski, V. **(2009),***The new roles of the student in ICT learning environment*, 5th Medjunarodni simpozijum tehnologija, informatika i obrazovanje za drustvo ucenja i znanja, Novi Sad. Како ИКТ средината за учење ги менува улогите на ученикот говорат авторите во текстот.
56. **Mirascieva, S.,** Kroteva, M. **(2009)** *New dimensions of the interaction in teaching*, 5th Medjunarodni simpozijum tehnologija, informatika i obrazovanje za drustvo ucenja i znanja, Novi Sad. Трудот е насочен кон наставата како интеракциски процес со посебен акцент на новите димензии на таа интеракција.
57. Petrovski, V., **Mirascieva, S.,** Jakimova, D. **(2009)** *Ethnical nationality in Macedonia and the educational language of the members of ethnical communities***,** 12th International Conference "Inclusive education in the Balkan countries-policy and practice", Ohrid, 25-27 June (poster presentation). Трудот говори за функционалната поврзаност меѓу етничката националност и јазикот на образованието на членовите на етничките заедници во Република Македонија.

Од презентираните трудови евидентно е дека д-р Снежана Мирасчиева е солидно методолошки оспособена, што ѝ овозможува преку теоретско-емпириски приод да проучува повеќе проблеми од современата педагошка наука и со резултатите од истражувањата да влијае на нејзиното збогатување и развивање. Посочените трудови, главно, третираат актуелни прашања од областа на дидактиката, но и од областа на методиката и пошироко од педагогијата.

Како член на рецензентски комисии, учестува во подготвувањето и поднесувањето на писмени реферати за избор на соработници на Педагошкиот факултет во Штип.

Д-р Снежана Мирасчиева е коавтор на Програмата за реализација на заедничкиот проект за размена на студенти меѓу Педагошкиот факултет „Гоце Делчев“ во Штип и Педагошкиот факултет при ЈЗУ „Неофит Рилски“ во Благоевград (Р. Бугарија) и истовремено учествува во реализација на истата во периодот од 16.4. до 21.4.2007 година – Благоевград и 23.4. до 28.4.2007 година - Штип.

Во изборниот период, кандидатката учествува во неколку научноистражувачки проекти:

- **„**Креативна настава и учење“
- ТЕМПУС „Интегрирање на ИКТ низ курикулумот за обука на наставници“
- Проект "Joint Days of Lifelong Learning". Во рамките на овој проект, доц. д-р Снежана Мирасчиева учествува како предавач на втор тренинг-семинар за наставници од основните и средните училишта од Делчево, Кочани и Благоевград, на тема „Интерактивните методи на образование во европските образовни традиции“.

***Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност***

Во периодот од последниот избор за доцент, кандидатката е мошне ангажирана и во полето на стручно-апликативната и организациско-развојната дејност.

Како член на Организацискиот комитет на Третиот балкански научен конгрес „Интеркултуралноста во педагошкиот процес“, одржан во Штип, од 22-24 септември 2005 година, има учествувано во организацијата и реализацијата на истиот.

Во периодот од 28 октомври до 30 октомври 2004 година, д-р Снежана Мирасчиева членува во Работното претседателство на International Science conference "School without unsuccessful pupils", Пула. Исто така, на 23 мај 2007 година д-р Снежана Мирасчиева членува во Редакцискиот одбор на Зборникот на трудови „ЗБОРНИК 2005-2008“ од научната конференција „Современи тенденции во наставата“, одржана во Штип. Од 16 до 18 јуни 2006 година, кандидатката учествува во реализацијата на Програмата за настава по екологија за студентите на Педагошкиот факултет во Паничиште (Р. Бугарија).

Наставно-научниот совет на Педагошкиот факултет „Гоце Делчев“ на својата 67. редовна седница, одржана на 24.3.2005 година, ја избира д-р Снежана Мирасчиева за раководител на Одделот за предучилишно воспитување за мандатниот период 2005-2009 година.

Со Одлука бр. 0201-117 од 27.7.2007 година, донесена на Ректорската управа на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, доцент д-р Снежана Мирасчиева е избрана за член на Комисијата за соработка со универзитетите во земјава и во странство.

Доцент д-р Снежана Мирасчиева со решение на Министерот за образование и наука бр.10-62/1 од 10.1.2008 година е назначена за претседател на рецензентските комисии за стручно вреднување на ракописи на учебници за предметите Математика за прво одделение и Запознавање на околината за прво одделение во деветгодишното основно образование.

Со Решение на министерот за култура, бр. 41-12532/1 од 5.11.2008 година, д-р Снежана Мирасчиева е назначена за претседател на Комисијата за Годишната програма на Министерството за култура за 2009 година - библиотечна дејност.

Следејќи ја постапката за прифаќање за финансирање на научноистражувачки проекти и користејќи го системот за анонимна експертска оценка, Министерството за образование и наука на Република Македонија, на 13.2.2008 година, ја именува д-р Снежана Мирасчиева за рецензент на Предлог-проектот „Развојните текови на македонската и драмската литература за деца".

Согласно со член 7 од Законот за учебници за основно и средно образование („Сл. весник на РМ" бр.98/2008), со Решение на Владата на Република Македонија, донесено на седницата од 4.11.2008 година, д-р Снежана Мирасчиева е именувана за член на Националната комисија за учебници.

Д-р Снежана Мирасчиева е член на Наставно-научниот совет на Педагошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.

Кандидатката, д-р Снежана Мирасчиева, учествува со трудови, како автор и коавтор, на повеќе стручни собири, конференции, симпозиуми и конгреси, од кои како позначајни ги издвојуваме следниве:

1. **Мирасчиева, С. (2004)** *The teacher in the 21st century,* Втора ессена научна конференция „Обучение и възпитание в началните училища, детските градини и специалните училищни заведения", 20-25 септември, Китен, Бугарија.
2. **Мирасчиева, С.,** Ѓорѓева, П. Е**. (2004)** *Modern School from Studen t's Angle*,2nd International Balkan Education Kongress „Searching excellence in education", 8-10 October, Edirne, Turkey.
3. **Мирасчиева, С. (2004)** *Cooperate relation between teacher and pupils in teaching-way to school without bad pupils,* International science conference „School without un-sucsesful pupils", 28-30 October, Pula, Hrvatska**.**
4. **Мирасчиева, С. (2005)** *Culture and communication in a function of the human development,* Scientific Conference „Cultural Right in The European Perspectives'" within the framework of the International festival of Youth - Euroarts 2005, 9-10 May, Blagoevgrad.
5. **Мирасчиева, С. (2005)** *Функции на современиот наставник*, Научна конференција „Примарното и континуирано образование на учителот", 26 мај, Штип.
6. **Мирасчиева, С. (2005)** *Intercultural communication in teaching,* The third international balkan scientific congress Interculturality in educational process, 22-24 September, Stip, Macedonia.
7. **Мирасчиева, С.,** Стојанова,И. **(2005)** *Tecnological modeling of teaching biology the primary schools in the Republic of Macedonia*, Научна конференция „Природни науки 2005",30.9 - 3.10., Варна, Бугарија.
8. **Mirascieva, S. (2006)** *The culture of communication as an strategy-an importante of a modern education,* Scientific conference "National cultures and europian identity", Blagoevgrad, 8-9 May.
9. **Mirascieva,S.,** Gjorgjeva E.,Petrovski,V. **(2006)** *A positive relation between the teacher and the pupil in teaching-a condition for more successful teaching*, Fourth Autumn Scientific Conference "Teachers and social workers training in view of europan integration", 18-22 September, Kiten.
10. **Mirascieva, S. (2006)** *About some micro didactic dimensions of teaching and learning as a part of the new pedagogical technology*, Юбилейна научна конференция „Педагогическото образование в България: състояние и тенденции", Благоевград, 27-28 октомври.
11. **Mirascieva, S**. Gjorgjeva, E., Petrovski,V**. (2007)** *IKT u nastavnoj komunikaciji i cilju stvaranja drustva znanja i ucenja,* Cetvrti medjunarodni simpozijum "Tehnologija, informatika i obrazovanje za drustvo ucenja i znanja", Novi Sad, 26-27 januar.

12. **Mirascieva, S. (2007)** *WEB QUEST i ucenje preko resavanja problema ili ojednom spoju savremenog i tradicionalnog,* Cetvrti medjunarodni simpozijum "Tehnologija, informatika i obrazovanje za drustvo ucenja i znanja", Novi Sad, 26-27 januar.
13. **Мирасчиева, С**., Китанов, Б. **(2007)** *Комуникацията в детската градина*, Осма международна научно-практическа конференция „Съвремени тенденции в предучилищното възпитание", Сандански,12-13 април .
14. **Мирасчиева, С. (2007)** *Ефективните комуникациски дейности-основа за успешна възпитателна работа в детската градина*, Осма международна научно-практическа конференция „Съвремени тенденции в предучилишното възпитание", Сандански,12-13 април.
15. **Mirascieva, S. (2007)** *Communication, media and culture*, Scientific Conference "Europa as cultural space", Blagoevgrad, 7-11 мај.
16. **Mirascieva, S.,** Gjorgjeva, E., Petrovski,V**. (2007)** *The new communicational media-new possibilities in the development of culture*, Scientific Conference "Europa as cultural space", Blagoevgrad, 7-11 May.
17. **Мирасчиева, С. (2007)** *Методот на игра во наставата со деца од раноучилишна возраст - тенденција или потреба*, Научна конференција „Современи тенденции во наставата", Штип, 23мај.
18. **Мирасчиева, С. (2008)** *С работа в екип на вазпитателите до поуспешна и поефективна вазпитателно-образователна работа в детската градина*, Деветта меѓународна научно-практична коференција „Современи тенденции во предучилишното воспитание", Сандански, 8-9 мај.
19. **Mirascieva, S**. (2008) *Media in europian intercultural dialogue, International scientific conference „Intercultural dialogue and integration*", Blagoevgrad, 12-13 May.
20. **Мирасчиева, С. (2008)** *Со активно поучување до активно учење - од традиција до современост*, Меѓународна научно-практична конференција „Основното и предучилишно воспитание и образование - предизвик на 21 век", Штип, 23 мај.

Доцент д-р Снежана Мирасчиева во периодот од изборот до сега реализира повеќе работилници и семинари, а учествува и на трибини:

- Работилница на тема *„Наставата како персонална комуникација"* во ОУ „Никола Карев" - Крушево, на 21.2.2006 година.
- Семинар на тема *„Образовна комуникација-менаџмент во училница"* на Педагошкиот факултет при Тракискиот универзитет во Едрене, Турција, од 1.5-2.5.2006 година.
- Работилница на тема *„Ефективни комуникациски активности-основи за успешна работа"* со воспитувачите од ОЈУДГ „Астибо" - Штип на 16.1.2007 година.
- Семинар за обука на наставници на тема *„Комуникациски вештини"* во ОУ „Никола Карев" - Крушево, на 11.1.2008 година.
- Семинар на тема *„Дидактичката вредност на играчките"* со директорите на јавните детски установи од Република Македонија, на 19.3.2008 година.
- Семинар на тема *„Колективните играчки и развој на социјалната комуникација"* со директорите на јавните детски установи од Република Македонија, на 7.5.2009 година.
- Дебатна трибина на тема *„Од предрасуди до дискриминација"* во УД „Браќа Миладиновци" - Штип, на 10.4.2006 год.
- Трибина на тема *„Образование-досегашни реформски процеси и што понатаму"*, организирана од ЗХА „Синергија" во Штип, на 30.4.2008 година.

Д-р Снежана Мирасчиева е член во неколку професионални асоцијации: НВО АНИ – Штип, Граѓанска асоцијација на учители на Р. Македонија, член на Извршен одбор и потпретседател на Граѓанска асоцијација на учители на Република Македонија, Македонски институт за интеграција.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на анализата и оценката на вкупната наставно-образовна, научноистражувачка, стручно-апликативна и организациско-развојна дејност на кандидатката д-р Снежана Мирасчиева, може да се заклучи дека во сите наведени дејности таа постигнала мошне значајни резултати. Во наставно-образовната дејност се истакнува со широки стручни познавања и компетенции и солидна стручна подготвеност, грижејќи се за постојано иновирање на наставните содржини и модернизирање на наставата, со што дава особен придонес за унапредување на предметите што ги предава. Нејзините активности во наставно-образовна дејност, се вреднувани со вкупно 108 поени. Во научноистражувачката дејност и стручно-апликативната дејност се афирмира како истражувач што го карактеризира сигурен методолошки пристап во проучувањето на современи теоретски и актуелни проблеми, процеси и состојби од областа на педагошките науки. Анализата на објавените трудови и трудовите презентирани на стручно-научните собири во земјава и во странство, покажува дека кандидатката поттикнува и разрешува актуелни педагошки проблеми, со што значајно придонесува за развојот на педагошката мисла во Република Македонија и за афирмација на домашните постигања, од сферата на образованието, на меѓународен план. Постигнатите резултати во научноистражувачката дејност се вреднувани со вкупно 88 поени, а пак покажаните активности во стручно-апликативната и организациско-развојната дејност се вредувани со вкупно 158 поени. Целокупната, разновидна и плодна активност во сите наведени дејности е вреднувана со вкупно 354 поени (Прилог – табела за вредување на активностите на доц. д-р Снежана Мирасчиева).

Врз основа на изнесеното, Рецензентската комисија позитивно ја оценува целокупна работа на кандидатката и е на мислење дека наполно ги исполнува условите за унапредување во повисоко звање. Затоа, со задоволство му предлагаме на Наставно-научниот совет на Педагошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, ***доц. д-р Снежана Мирасчиева*** да ја избере во звањето ***вонреден професор*** по предметите: ***Дидактика, Дидактика 1***, ***Дидактика 2***, ***Педагошка комуникација***, ***Образовна технологија*** и ***Методика на работа со надарени деца*** на Одделот за одделенска настава и на Одделот за предучилишно воспитување.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Вера Стојановска, вонреден професор на Институт за педагогија при Филозофски факултет – Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, с.р.**

**Д-р Марија Костова, редовен професор на Институт за педагогија при Филозофски факултет – Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, с.р.**

**Д-р Јасмина Делчева-Диздаревиќ, вонреден професор на Институт за педагогија при Филозофски факултет – Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, с.р.**

**Прилог**

**Табела за вреднување на активностите на д-р Снежана Мирасчиева, доцент, во реизборниот период 2004-2009 година, според Критериумите за избор на наставници и соработници на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип**

| Вид на активност | Број | Поени | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Наставно-образовна дејност (НО)** | | | |
| Рецензент на учебник | 2 | 1 | **2** |
| Ментор на одбранета дипломска работа | 7 | 1 | **7** |
| Член на комисија за одбрана на дипломска работа | 7 | 0,2 | **1,4** |
| Раководител на студент во учество на студентска манифестација во земјава | 5 | 1 | **5** |
| Раководител на студент во учество на студентска манифестација во странство | 5 | 2 | **10** |
| Предавања (5x3,5x1,5)+4+(2x1,5)+1+(11,5x1,5)+6 | 31 | 1,5 | 46,5 + 11=**57,5** |
| Вежби (2x0,2)x2+(4x0,2)x2+(8,5x0,2) | 20,5 | 0,2 | **4,1** |
| Рецензент на соработници | 5 | 1 | **5** |
| Статија во наставно-образовно списание | 4 | 4 | **16** |
| **ВКУПНО** | | | **108** |
| **Научноистражувачка дејност (НУ)** | | | |
| Научна книга | 1 | 10 | **10** |
| Прегледен труд (СЦИ/ЦА/останати) | 1 | 5 | **5** |
| Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир | 2 | 2 | **4** |
| Секциско предавање на научен собир во земјава | 3 | 2 | **6** |
| Секциско предавање на научен собир во странство | 13 | 4 | **52** |
| Одржано предавање по покана од научна институција | 1 | 3 | **3** |
| Учесник во научен проект | 1 | 2 | **2** |
| Учесник во научен проект во странство | 1 | 3 | **3** |
| Член на организационен одбор на научен собир | 1 | 1 | **1** |
| Член на организационен одбор на научен собир во странство | 1 | 2 | **2** |
| **ВКУПНО** | | | **88** |
| **Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност** | | | |
| Труд објавен во зборник од трудови на стручен собир во земјава | 5 | 2 | **10** |
| Труд објавен во зборник од трудови на стручен собир во странство | 40 | 3 | **120** |
| Учество на стручен собир со реферат | 4 | 1 | **4** |
| Член на универзитетски или владини тела | 4 | 5 | **20** |
| Член на факултетски орган | 2 | 2 | **4** |
| | | **ВКУПНО** | **158** |
| **ВКУПНО** | **354** | | |